Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот ---------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 39-тата седница одржана на 15.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето по предметот со број 12- 3577/1 од 16.07.2019 година оформен по пријавата поднесена од подносителот ---------------- на 16.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3577/1 од 16.07.2019 година бидејќи по конкретниот случај постапил надлежен орган (Судскиот совет на Р. Северна Македонија) кој презел процесни дејствија, ја утврдил фактичката состојба и се произнел по наводите во претставката за што со Известување со број УПП. бр.349/19 од 25.10.2019 год го известил подносителот.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3577/1 од 16.07.2019 година е оформен врз основа на доставена пријава од подносителот ---------------.

Предметот е оформен врз основа на поднесена пријава - Иницијатива за покренување постапка против судијата ------------ поднесена од подносителот -----------, во која иницијатива се наведуваат неколку судски постапки во кои е вклучен подносителот, како тужител или тужен, против АД "29-ти Ноември"-Скопје при што во секоја од тие постапки како судија се јавува споменатиот судија, кој учествувал во донесувањето на, како што наведува подносителот, незаконски пресуди во корист на АД "29-ти Ноември"-Скопје.

Имајќи во предвид дека истата Иницијатива била доставена и до Судскиот совет на Република Северна Македонија на 30.10.2019 година, со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и

информации со број 12-1902/1 од 07.05.2020 год до Судскиот совет на Република Северна Македонија со кое побара Судскиот совет да достави информација дали постапил по поднесената Иницијатива и кои се резултатите од постапувањето по истата.

Во законски утврдениот рок од Судскиот совет беше доставен одговор по доставеното барање на ДКСК.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и придружната документација, Државната комисија за спречување на корупцијата ја констатира следната фактичка состојба:

До Судскиот совет на Република Северна Македонија била поднесена претставка од ----------, која била заведена под УПП бр.08-349/19 од 24.07.2019 година во која се изразува незадоволство од постапувањето на Врховниот суд на РСМ по предмет под Рев 2 бр.451/13.

Судскиот совет на Република Северна Македонија постапувајќи по претставката, во смисла на член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на РМ" бр.82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015) прибирал податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување и во смисла на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ( Службен весник на РСМ" бр.102/19), истата ја разгледал на седницата одржана на ден 30.09.2019 година и по расправата го констатирал следното:

Советот спровел извиди и извршил увид во приложените одлуки и докази поврзани со наводите на претставката, по што констатирал дека во конкретниот случај станува збор за пресудена работа по постари предмети во кои судовите одлучувале и донеле одлуки согласно законот.

Имено, Основниот суд Скопје 2 Скопје постапувајќи по тужбата на тужителката (мајка на подносителот) со основ неосновано збогатување, со пресуда 1 П1 бр.291/11 од 14.02.2012 година го уважил тужбеното барање и донел решение за привремена мерка со кое делумно го уважил предлогот на тужителката за определување на привремена мерка. По изјавена жалба од тужениот, Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ бр.2564/12 од 03.04.2013 година ја преиначил првостепената пресуда и го одбил тужбеното барање на тужителката како неосновано. Тужителката изјавила ревизија до Врховниот суд на РМ, кој со пресуда Рев 2 бр.451/13 од 17.10.2013 година, кој истата ја одбил како неоснована.

Во своите одлуки, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд на РМ дале доволно образложени причини за одлучувањето со детална анализа на доказите кои им биле на располагање. Согласно член 11 од Законот за судовите е предвидено дека судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оценка на доказите.

Врз основа на сеопфатна анализа на доказите и второстепениот суд и Врховниот суд на РМ застанале на стојалиште дека тужениот не ја користи на незаконит начин спорната површина, односно без основ. поради што тужителката не може да бара надомест во смисла на чл.199 ст.1 од Законот за облигациони односи. Во конкретниот случај подносителот го искористил правото на контрола на одлуките пред надлежен повисок суд, а судска одлука согласно Законот за судовите може да се менува или укинува само од страна на надлежен суд во постапка пропишана со закон. Врз основа на сето горе наведено, Судскиот совет утврдил дека нема елементи за нестручно и несовесно вршење на судиската функција на судиите кои постапувале по предметот, поради што претставката на подносителот била неоснована. За

ставот на Советот по поднесената претставка, Советот го известил подносителот со Известување УПП. бр.349/19 од 25.10.2019 год.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека по конкретниот случај постапил надлежен орган (Судскиот совет на Р.Северна Македонија) кој презел процесни дејствија, ја утврдил фактичката состојба и се произнел по наводите во претставката за што со Известување со број УПП. бр.349/19 од 25.10.2019 год го известил подносителот, па оттаму заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р Ш.С, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**